Уп. бр. 08-86

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Вива Фреш Ш.П.К. од Косово со регистрирано седиште на Магистралја Приштина Липјан НН, Суходол, Грачаница, Косово доставено преку адвокат Хекуран Зеќири од Тетово, на седницата одржана на ден 19.06.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Вива Фреш Ш.П.К. од Косово со регистрирано седиште на Магистралја Приштина Липјан НН, Суходол, Грачаница, Косово ќе стекне контрола над Друштво за трговија СПАР АЛБАНИЈА ШПК со регистрирана адреса на Национален пат Тирана – Елбасан, зграда „Брунес Спејс“, спроти влезот Виоле на трговскиот центар ТЕГ, Фарке, Лундер, Тирана, Република Албанија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), 16.05.2025 година, а дополнето на 22.05.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на Вива Фреш Ш.П.К. од Косово со регистрирано седиште на Магистралја Приштина Липјан НН, Суходол, Грачаница, Косово, со која Вива Фреш Ш.П.К. ќе стекне контрола над Друштво за трговија СПАР АЛБАНИЈА

ШПК со регистрирана адреса на Национален пат Тирана – Елбасан, зграда „Брунес Спејс“, спроти влезот Виоле на трговскиот центар ТЕГ, Фарке, Лундер, Тирана, Република Албанија, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Вива Фреш Ш.П.К.** од Косово е друштво кое се занимава со продажба на мало на стоки во неспецијализирани продавници-супермаркети каде преовладуваат храна, пијалоци и тутун.

Вива Фреш Ш.П.К. од Косово ги има следните поврзани друштва на пазарот во Република Северна Македонија и тоа:

-Друштво за производство, трговија и услуги ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Македонско Косовска бригада 11 бр.1/1 Скопје-Бутел, со приоритетна дејност-трговија на мало во неспијализирани продавници, претежно храна, пијалоци и тутун.

- Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Штип, со регистрирано седиште на Македонско Косовска Бригада 11 бр.1/1 Скопје, Република Северна Македонија е друштво со предмет на работење-друга трговија на мало во неспецијализирани продавници.

КИТ-ГО ДООЕЛ Штип, Република Северна Македонија има поврзани друштва на пазарот во Република Северна Македонија и тоа:

-Друштво за трговија, угостителство и услуги ТАЛФА ДООЕЛ ШТИП со регистрирано седиште на бул.Гоце Делчев бр.52, Штип-Република Северна Македонија и со приоритетна дејност-издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

Друштво за трговија и услуги ТДЕЛТА-ИНГ 2017 ДООЕЛ Штип со регистрирано седиште на бул.Гоце Делчев бр.52, Штип-Република Северна Македонија и со приоритетна дејност-издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

**СПАР АЛБАНИЈА ШПК** врши малопродажба и големопродажба на прехранбени и непрехранбени производи,

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 (б) од Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**